# REPUBLIC OF MACEDONIA - FROM USER TO EXPORTER OF PEACE

**Dimitar Spaseski**
Municipality of Ohrid, spaseskidimitar@yahoo.com

**Abstract:** In the period after the independence of the Republic of Macedonia, the presence of the international community has been imposed as a necessity that will guarantee peace and stability in the country.
The presence of the international factor, at certain moments, proved to be a key factor in implementing the concept of conflict prevention. Having in mind the events in the other countries of the former Yugoslavia, the need for the presence of the international community, which will guarantee the constitutional order and maintain the security of the state, the state leadership felt at the beginning of the independence of the Republic of Macedonia.
For a decade, the Republic of Macedonia lived with the conviction that it is an "oasis of peace". In parallel, the Republic of Macedonia has made attempts to integrate into the Euro-Atlantic community. Existing regional circumstances and geopolitical interests have made an unstable government course towards: UN, NATO, EU and US. During this period, Macedonia did not define its own security needs and capacities. Instead of creating a security system that will be based on the security interests of the state as a whole, the Republic of Macedonia created a security system based on political compromise of the various ethnic and political groups in it. Prevention should be accepted and applied as a norm for politics at national and local level, because a continued international presence is not a way to avoid responsibility or to become permanently dependent on the international community. The state should make efforts to eliminate the existing restrictions in the maintenance of security and to create effective security measures for conflict prevention in the Republic of Macedonia.
The prevention of conflicts implies the creation of a security system capable of timely recognition of the usual risks, their proper analysis and undertaking of activities. The Republic of Macedonia confirms its strategic commitment to join the European Union through a firm political commitment to support the Common Foreign and Security Policy (CFSP) and by declaring a concrete contribution to civilian and military operations within the European Security and Defense Policy (ESDP) of the Union.
The contribution of the Republic of Macedonia in international missions is a concrete confirmation of the success of reforms in defense and security structures. Although the Republic of Macedonia is not an equal member of NATO, the Republic of Macedonia contributes in international missions per capita more than all countries in the region. The contribution of the Republic of Macedonia is equal to the contribution of the United States, Norway, the Netherlands, Denmark.
**Keywords:** international community, security system, integration, conflicts, prevention.

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД КОРИСНИК ДО ИЗВОЗНИК НА МИР

**Димитар Спасески**
Општина Охрид, spaseskidimitar@yahoo.com

**Резиме:** Уште во периодот по осамостојувањето на Република Македонија присуството на меѓународната заедница се наметна како неопходност која ќе го гарантира мирот и стабилноста во државата. Присуството на меѓународниот фактор, во одредени моменти, се покажа како клучен за спроведувањето на концептот на превенција на конфликти. Имајќи ги предвид случувањата во останатите држави од поранешна Југославија, потребата за присуство на меѓународната заедница која ќе го гарантира уставниот поредок и ќе ја одржи безбедноста на државата, државниот врв ја почувствува уште на почетокот на стекнувањето на независноста на Република Македонија. Една декада Република Македонија живееше со убедувањето дека е „оаза на мирот". Паралелно, Република Македонија се обидуваше да се интегрира во Евро-атлантската заедница. Постојните регионални околности и геополитички интереси го правеа непостојан курсот на Владата кон: ООН, НАТО, ЕУ и САД. Во овој период Македонија не ги дефинира своите сопствени безбедносни потреби и капацитети. Наместо да креира безбедносен систем што ќе биде заснован на безбедносните интереси на државата во целина, Република Македонија креираше систем за безбедност кој се темелеше на политички компромис на разните етнички и политички групи во неа. Превенцијата треба да се прифати и да се практикува како норма за политика, и на национално, но и на локално ниво, бидејќи континуираното меѓународно присуство не е начин да се избегне одговорноста или да се стане постојано зависен од меѓународната заедница, туку државата треба да направи напори да се елиминираат постоечките

ограничувања во одржувањето на безбедноста и да се создадат ефективни безбедносни мерки за спречување на конфликти во Република Македонија. Превенцијата на конфликти подразбира и создавање на безбедносен систем способен за навремено препознавање на вообичаените ризици, нивна правилна анализа и преземање на активности. Република Македонија ја потврдува стратегиската определба за достигнување членство во Европската Унија преку цврстата политичка определба за поддршка на Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЦФСП) и со декларирање конкретен придонес кон цивилните и воените операции во рамките на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСДП) на Унијата. Придонесот на Република Македонија во меѓународните мисии претставува конкретна потврда за успешноста на реформите во одбранбените и безбедносните структури. Иако, Република Македонија не е рамноправен член на НАТО, споредено по глава на жител Република Македонија придонесува повеќе од сите земји во регионот, а всушност нашиот придонес е еднаков со оној на САД, Норвешка, Холандија, Данска. Со тоа, се потврдува цврстата определба на државата за членство во НАТО и во Европската Унија.
**Клучни зборови:** меѓународна заедница, безбедносен систем, интеграција, конфликти, превенција.

## 1. ВОВЕД

Во услови на изградба на безбедносниот систем на една земја од исклучително значење е и безбедносната состојба во целиот регион. Така, регионот на Југоисточна Европа во кој припаѓа и Република Македонија, и покрај напредокот на безбедносната состојба и понатаму е регион каде што сè уште постојат закани по безбедноста, чии корени се во политичкиот екстремизам, екстремниот национализам, верската и расната нетрпеливост, што заедно со постоењето на слаби државни институции и непостоење на владеење на правото, во некои држави и региони како и транснационалните опасности, претставуваат основа за висок степен на ризици и опасности по Република Македонија, по земјите во регионот и Европа. Република Македонија е во централниот дел на Југоисточна Европа и претставува природна и географска крстосница меѓу Европа, Азија и Африка што е од големо значење за нејзиниот развој. Географската положба на Република Македонија од безбедносен аспект ја вбројува во земјите кои се наоѓаат на крстосницата на главните патишта на тероризмот, илегалната миграција, илегалната трговија со дрога, оружје и луѓе од Азија и Африка кон Западна Европа. И покрај сите напори за заштита на границата и елиминирање на овие закани, Република Македонија е свесна дека не може сама да ги реши транснационалните опасности без помош и соработка со своите соседи и меѓународната заедница. Република Македонија сериозно чекори на патот кон создавање на безбедносно опкружување и услови за модерно граѓанско општество, притоа подеднакво водејќи сметка и за развојот на економијата и истакнувањето на значењето и важноста на социјалната димензија и унапредувањето на животната средина.

Во едни вакви околности започнаа да се поставуваат основите на безбедносната политика на Република Македонија. Токму во сите овие процеси силната поддршка од страна на меѓународната заедница беше и тоа како значајна за Република Македонија на нејзиниот пат од криза до мир. Мисиите на меѓународната заедница не само што овозможија зачувување на мирот и безбедноста на новата држава, туку овозможија и комплетен нејзин развој и етаблирање на меѓународната сцена. Денес, Република Македонија е сериозен и активен чинител на меѓунардоната политичко - безбедносна сцена. Со свои сили и искуства придонесува во враќањето на мирот и безбедноста во подрачјата каде настанал определен безбедносен проблем. Тоа се разбира е голем успех на Република Македонија вреднуван од сите релевантни меѓународни институции.

## 2. УЛОГАТА НА МИСИИТЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА ГРАДЕЊЕ НА МИРОТ

На 11 ноември 1992 година, Претседателот на Република Македонија побара распоредување на набљудувачите на Обединетите нации на територијата на Република Македонија. На 9 декември 1992 година, Генералниот секретар му препорача на Советот проширување на мандатот на УНПРОФОР и распоредување на силите на Обединетите нации на границите на Република Македонија со Албанија и со Сојузна Република Југославија (Србија и Црна Гора).

Барањето беше де факто прифатено. На почеток, превентивното дејствување премина во десетгодишен ангажман на меѓународната заедница во Република Македонија. Тоа што на почетокот претставуваше релативно успешно превентивно ангажирање, не само за ООН, туку и за ОБСЕ и за работната група за етнички и национални заедници и малцинства при меѓународната конференција за поранешна Југославија, премина во ангажман за пост- конфликтно градење на мирот во обид да се стави крај на повеќемесечниот конфликт кој започна во 2001 година.

Така, почетокот на суверeноста, самостојноста и независноста на Република Македонија беше проследен со распоредување на претставниците на превентивната мисија на ООН на граничната линија кон нашиот северен сосед од каде доаѓаше најсериозна опасност за дестабилизирањето на целиот балкански простор. Воспоставувањето на превентивната мисија се покажа како добар пример за спречување на ширењето на конфликтот од север. Силите на ООН во тоа време одиграа можеби клучна улога во процесот на издвојување на македонската држава од воениот вител кој гореше низ раскрвавените југословенски простори.

Во функција на манифестираните ризици, на барање на претседателот Глигоров, на 31.03.1995 година, Превентивните сили на ООН се трансформираа во независна мисија, УНПРЕДЕП. Ова беше дотогаш прва и единствена превентивна мисија на ООН, која во Република Македонија остана до 1999 година, односно сé до ветото на Кина заради признавањето на Тајван од страна на Владата на Република Македонија.

Мисијата на УНПРЕДЕП беше случај на превентивно чување на мирот и значително помогна во времето на неизградениот безбедносен систем. Војниците на ООН им помогнаа на неискусните и сиромашно опремени војници на АРМ во граничните патроли долж граничните линии. Оваа активност беше особено важна за време на кризата во Албанија од 1997 година. Република Македонија имаше тешкотии во нејзините демократски и безбедносни реформи, делумно заради нејзиното скромно искуство, но исто така и заради регионалните збиднувања кои никогаш не ѝ дозволија на државата да ги искористи своите и така ограничени ресурси за да ги реши сопствените проблеми.

Мисијата на УНПРЕДЕП се покажа како позитивен пример за еден современ пристап кон превенција на конфликти и создавање погодна почва за градење на демократско општество во кое се почитуваат човековите права со едновремено градење на добрососедски односи и развој на меѓупартиски дијалог.

Кризите во соседството, а се разбира и конфликтот во 2001 година, Република Македонија ги дочека неподготвена за менаџирање со кризи. Искуствата од досегашните кризи што се појавија на просторот на Република Македонија на површината исфрлија бројни слабости на нашиот безбедносен систем. Постконфликтна Македонија повторно имаше потреба од меѓународна безбедносна помош.

Две недели по потпишувањето на Рамковниот договор, од страна на лидерите на најголемите партии во Собранието на Република Македонија, беше утврдено дека е потребно да се собере поголема количина оружје по што НАТО ја отпочна операцијата „Суштинска жетва“ која вклучуваше 3500 војници и го надгледуваше прибирањето на оружјето од албанските бунтовници во периодот август - септември 2001 година. Следуваше нова мисија „Килибарна лисица“ за заштита на меѓународните набљудувачи на спроведувањето на Рамковниот договор, односно во преточување на политичкиот договор во уставни и законски норми. Оваа мисија покрај останатите имаше и задача да ја следи безбедносната состојба заради потребата од натамошна стабилизација на состојбите во земјата.

Општа оценка беше дека во Република Македонија, ни до крајот на 2002 година, не се создадени услови да може за безбедноста да се грижат само внатрешните сили. Недостигот од добро обучени елитни единици, неискуството и недоволната опременост на припадниците на безбедносните сили задолжени за воспоставување и одржување на безбедноста, редот и поредокот во Република Македонија, како и ограничените разузнавачки способности за предвидување на идни закани, ја наметна како неопходност потребата од присуство на меѓународните безбедносни сили. Така, на покана од претседателот Трајковски, Мисијата на НАТО еволуираше од Единица за специјални намени „Килибарна лисица“ во Операција „Сојузничка хармонија„ што претставуваше продолжено присуство на силите на НАТО во земја која сѐ уште не е негова членка. По мисиите на НАТО, следеа мисиите „Конкордија“ и „Проксима“, водени од ЕУ. Мисијата „Конкордија“ повеќе имаше карактеристики на набљудувачка отколку на мировна мисија, додека, пак, мисијата „Проксима“ беше главно полициска мисија. Полициската Мисија на ЕУ (EUPOL) „Проксима“ беше дел од поширoката стратегија на ЕУ за унапредување на реформите, придонес за стабилноста и владеењето на правото во регионот, во согласност со целите на процесот на стабилизација и асоцијација. Преку мисијата „Проксима“, во Македонија се испроба едно ново искуство и „Проксима“ стана прва мисија на воено-полициски сили на Унијата, првично искуство во делување на овој план надвор од рамките на земјите-членки на Европската унија. Мисијата имаше за цел да им помага на локалните власти во Македонија кои го идентификуваат организираниот криминал како главен предизвик за јавната безбедност во земјата. Исто така, неопходно беше обезбедување на помош во процесот на развој на полициските сили според меѓународните и европските стандарди.

По завршувањето на полициската мисија на ЕУ, „ЕУПОЛ Проксима“, спроведувањето на реформите во полицијата на локално ниво продолжи да добива поддршка од Полицискиот советодавен тим на ЕУ, а потоа и од проект финансиран од КАРДС.

Со програмата КАРДС на ЕУ (Помошна заедницата за реконструкција, развој и стабилизација) се поддржуваа реформите во следните области во Македонија: спроведување на правда (поддржување на реформите во обвинителството и судството), полициски реформи (поддржување на стратегијата за полициски реформи и обука), интегрирано погранично управување (зајакнување на контролата на границата и создавање на погранична полиција), царина (помагање во градењето на административниот капацитет за да се помогне во борбата против измамите, корупцијата и организираниот криминал), азил и миграција (развој на Национален акционен план за миграција и азили, Закон за движење и престој на странци), борба против криминалот (јакнење на стратегиите и развој на капацитети за борба против перење на пари и криминал поврзан со дрога)·

Врз процесот на справување и превенција на конфликтите во околината, а, исто така, и во Македонија, значајно влијаеше присуството и мандатот на различни меѓународни актери. Раната улога на набљудувачката мисија на ОБСЕ и на Високиот комесаријат за националните малцинства во процесот на градење на доверба во Македонија, потоа присуството на мисијата на ООН и нивниот позитивен придонес за стабилноста на државата како и влијанието на некои НВО-а, главно развија позитивна перцепција кај јавноста од меѓународниот придонес. Подоцна, ваквиот ентузијазам за превенцијата речиси исчезна како резултат на влијанието на регионалните дестабилизирачки фактори и како последица од преносливите ефекти од меѓународната интервенција во Косово. За жал, претходниот успех на превентивното распоредување не беше доволна инвестиција, додека регионалните и внатрешните структурни фактори за нестабилност останаа неизменети.

Двојната употреба на Македонија, најпрвин како примач и иден создавач на превентивни ефекти, и подоцна и како основа за превенција на хоризонталната ескалација на кризата во Косово, ги уништи ограничените превентивни ефекти. Беа зголемени внатрешните атрибути на нестабилноста заедно со подложноста на државата кон регионалните ризици и етно-политичките кризи. Чувството дека земјата е на самиот раб, додека се смирува нејзината стабилност со инструменти за оперативна превенција на конфликт, се докажа како опасна политика.

Општиот впечаток за улогата на меѓународната заедница во Македонија, пред, за време на кризата и по кризата, е дека таа е и амбициозна, но и нејасна. Ова стана очигледно откако меѓународните актери ги концентрираа превентивните мерки главно на справување со воената криза, додека посебните потреби на регионот, главно, беа поврзани не само со оперативните туку и со структурните фактори за нестабилност и несигурност. Случаите на Босна, а подоцна и на Косово, докажаа дека пост-конфликтната превенција е поголем и поскап потфат. Македонскиот случај и предизвиците кои се појавија во текот на процесот на справување со кризата во 2001 година, но и подоцна во процесот на пост-конфликтното градење мир, само потврдија дека кога директното насилство станало дел од конфликтното однесување, многу е потешко да се решаваат случаите кои се основни причини за насилство.

Од друга страна, пак, ангажирањето во превентивата, пред и по конфликтот, (покрај заедничката цел да се спречи насилството или да се спречи хоризонталната или вертикалната ескалација на конфликти), имаат различни појдовни точки. Во зависност од тоа дали „ситниот" факт кој отвора/насочува насилство бил или не бил дел од конфликтното однесување, пост-конфликтното закрепнување на локалните носители на превентивни дејства може да биде доволен или недоволен партнер за постигнување на успешен исход или трансформација на конфликтот. Обемот на последиците од насилните конфликти би можеле да бидат точка за правење разлика дали одредено општество е повеќе предмет на закрепнување и на обемна пост-конфликтна стратегија, т.е. градење мир, или дали во општеството се уште постојат елементи кои би можеле да создадат предмет/партнер за пообемни превентивни дејства.

## 3. МИРОВНИ МИСИИ ВО СТРАНСТВО ВО КОИ УЧЕСТВУВА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со испраќањето на првата група припадници на Армијата на Република Македонија во рамките на силите ИСАФ во Авганистан во 2002 година, под раководство на НАТО, Република Македонија активно се вклучи кон обезбедувањето на светскиот мир и глобалната безбедност. Со ова Република Македонија покажа дека има Армија чии припадници имаат сили и капацитет да партиципираат во мисии предводени од професионалци со искуство од воените структури на НАТО. Така, Армијата на Република Македонија, покрај чувар на мирот и на суверенитетот на државата, веќе стана и амбасадор на мирот во меѓународни рамки.

„На 8-ми Септември, на денот на независноста на Република Македонија, македонското знаме за првпат беше завиорено во Кабул. Во март 2003 година, Армијата на Република Македонија го зголеми својот придонес во ИСАФ, со испраќање на едно одделение од составот на втората пешадиска бригада како дел од

германскиот контингент. Како резултат на успешното извршување на мисијата и високите оценки добиени за учество во ИСАФ, од август 2004, па сè до крајот на 2006, АРМ учествуваше со еден механизиран пешадиски вод од единицата „Леопарди“. Истовремено, во август 2005 во ИСАФ е упатен и медицински персонал како дел на здружениот медицински тим во А3 формат (Македонија, Албанија, Хрватска), кој успешно извршуваше задачи на кабулскиот аеродром, најпрво во состав на грчката полска болница, а потоа во состав на чешката полска болница. АРМ во јуни 2006 година испрати и една механизирана пешадиски чета, дел на првата механизирана пешадиска бригада, во состав на британскиот контингент во ИСАФ. Покажаната доверба од Обединетото Кралство кон деведесетте „Шкорпиони“, од првата пешадиска бригада, беше во целост оправдана. Како поддршка на напорите за само оддржливост на Авганистанската национална армија (АНА), започнувајќи од март 2008 година, Република Македонија испрати два војника (еден офицер и еден подофицер) како дел на здружениот мултинационален Оперативно менторски и тим за врски (OMLT) во Мазар-е Шариф, а започнувајќи од декември 2008, во соработка со Кралството Норвешка, македонски медицински персонал е вклучен преку еден хируршки тим во организациската структура на хируршка единица при норвешкиот Провинцискиот тим за реконструкција (PRT) во Мејамана, Авганистан. Република Македонија учествуваше со една механизирана пешадиска чета (сто дваесет и седум војници), тројца офицери во главниот штаб во Кабул, четири претставници во А3 медицинскиот тим на чешката болница во Кала, двајца офицери како дел на мултинационалниот ОМЛТ во Мазар-е Шариф и хируршки тим во организациската структура на хируршка единица при норвешкиот Провинцискиот тим за реконструкција (PRT) во Мејамана. Досега Република Македонија учествувала со вкупно седумстотини и деведесет учесници во ИСАФ“.

Република Македонија, на барање од Владата на САД, во 2003 година одлучи со свои сили да партципира во мисијата „Слобода за Ирак“, како дел од најголемата коалиција во глобалната војна против тероризмот“.

Република Македонија ја потврди стратегиската определба за членство во Европската Унија преку цврстата политичка определба за поддршка на заедничката надворешна и безбедносна политика (CFSP) и со декларирање конкретен придонес кон цивилните и воените операции во рамките на Европската безбедносна и одбранбена политика (ESDP) на Унијата.

Учеството на Република Македонија во воената операција на ЕУ за кризен менаџмент во Босна и Херцеговина, Алтеа, го означува првиот од серијата конкретни и значајни придонеси кои Република Македонија ќе ги даде во рамките на цивилните и воените ESDP операции, а во правец на зајакнување на капацитетите на Унијата.

Спогодба помеѓу Република Македонија и Европската Унија за учество на Република Македонија во рамките на операцијата Алтеа беше потпишана на 3-ти јули 2006-та година во Брисел. Придонесот на Република Македонија кон операцијата на ЕУ, Алтеа, го потврди нејзиниот напредок од земја корисник на првата воена операција на Унијата (Конкордија 2003) до земја активен придонесувач кон ESDP (Алтеа 2006).

Првиот придонес на Република Македонија кон мировната операција предводена од Европската Унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР АЛТЕА, започна во јули 2006, со вклучување на два транспортни хеликоптери на АРМ, Ми-8/17 и персонал во состав од еден офицер за врска во Командата на ЕУФОР во Сараево, шест офицери-пилоти, еден офицер-воено воздухопловен инженер, четири подофицери-техничари летачи, четири подофицери и еден професионален војник, како и воено воздухопловни техничари.

Република Македонија во мај 2007 година го започна своето учество во мировната операција предводена од Организацијата на Обединетите нации во Либан, УНИФИЛ, со испраќање на двајца припадници на Армијата на Република Македонија, штабни офицери-мајори во Здружениот оперативен центар во Либан. Мандатот траеше една година, почнувајќи од мај 2007 година.

На 1 јуни 2008 година, Република Македонија го продолжи придонесот кон мировната операција УНИФИЛ во Либан што претставува прва ротација на македонски персонал во рамките на операцијата УНИФИЛ. Со одлука на Собранието на РМ еден припадник на АРМ, и тоа штабен офицер беше испратен во Здружената оперативна команда на мировната операција УНИФИЛ, во Либан. Мандатот траеше 12 месеци сметано од мај 2009 година.

Од страна на Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата на Република Македонија беше проценето дека постојат можности и капацитет за продолжување на воениот придонес кон Мисијата и во 2010, 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година, па следеа четвртата, петата, шестата, седмата и осма ротација на македонски персонал во Мисијата УНИФИЛ. По успешното осумгодишно учество на Република Македонија во мировната операција на Обединетите нации, УНИФИЛ, во тек е осмата ротација на

македонски персонал, а досега се испратени девет претставници во рамките на мисијата, која треба да заврши во мај 2016 година.

Земајќи ги предвид приоритетите во делот на логистика не само во национални рамки, но и повеќе во сооднос со побарувањата и потребите на Алијансата, Координативниот центар за поддршка од земја-домаќин започна со работа во април 2005 како дел од НАТО со седиште во Скопје, проект имплементиран за првпат со земја-членка на Партнерството за мир. Проектот на почетокот беше имплементиран на предлог на генералот Блис, кој во тоа време беше командант на НАТО силите во Скопје. На почетокот, проектот вклучуваше 11 офицери на АРМ, кои успешно ја завршија обуката за обврските поврзани со давање поддршка од земјата домаќин. Промовирајќи ја сопствената стручност и постигнувања, во 2006 година овие офицери станаа основата на Координативниот центар, кој постепено ги започна подготовките за преземање на задачите за поддршка на КФОР. Во јуни 2007, со оглед на големото значење и на проектираните цели, Координативниот центар беше вклучен во формацијата на Командата за логистичка поддршка при ГШ на АРМ. На овој начин како додаток на учеството во мисиите во Ирак, Авганистан, Б и Х и Либан, АРМ учествува и во мисија за поддршка на Косово. Досега повеќе од дваесет офицери на АРМ се обучени да работат во Координативниот центар, што е од голема корист за планирањето и поддршката на слични мисии за нас во блиска иднина.

Република Македонија во 2006 година ја ратификува Конвенцијата за спречување на актите на нуклеарен тероризам. Ратификувана е и Конвенцијата за нуклеарна безбедност, а беше донесен и посебен Закон за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја, во функција на имплементација на истоимената конвенција на ОН.

Во доменот на регионалната соработка, во октомври 2006 година Република Македонија го потпиша Пактот за борба против тероризмот и организираниот криминал заедно со уште шест земји од регионот (Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Романија и Албанија).

Република Македонија е сериозен и активен член на меѓународната заедница, кој се залага и придонесува кон светскиот мир и просперитет.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Република Македонија го одбра патот на мирот. И денес не само што го чува и надградува сопствениот мир, туку и придонесува за мирот и стабилноста и во регионите каде што настанал определен конфликт. Со своето искуство во решавањето на конфликтите Република Македонија има легитимитет да го прави тоа. Со еден збор, задоволство е да се констатира фактот дека Република Македонија од “корисник на мир” денес стана еден од поголемите “извозници на мир” изразено со економска терминологија.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Н. Ружин, НАТО во современите меѓународни односи, Фондацијата “Фридрих Еберт”, стр.214-215, 2010.
[2] Joint Action 2003/92/CFSP од 27 јануари 2003 година за воената операција на Европската Унија во Република Македонија, OJ L34, стр. 25, 11.02.2003.
[3] Л. Георгиева, Македонија наспроти интеграциите: од оперативна превенција кон конфликтна трансформација, Институт за Одбранбени и Мировни студии Филозофски факултет, стр.17-18, 2008.
[4] Интернет ресурси: http://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_69366.htm.
[5] Интернет ресурси: http://www.eurm.edu.mk/publikacii/Zborik_Bezbednost_2012_1.pdf.
[6] Службен весник на РМ број: 10/2006, 64/2006, 70/2006, 53/2007, 54/2009, 136/2011, 80/2013.